С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес
Излегува по потреба

Број 20 година XLIII

04 декември 2007

199.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за измена и дополнување на Буџетот на Општина Велес за 2007 година

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Буџетот на Општина Велес за 2007 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 30.11.2007 година.

Број 0801-5126/1
04.12.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 28, став 1 од од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.61/04 и 96/04) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана 30.11.2007 година, донесе

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Буџетот на Општина Велес за 2007 година

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување-проширување на средствата во Буџетот на Општина Велес за 2007 година и тоа на следниот начин:

Се зголемуваат приходите на следните потставки:	Буџет	Самофин.	Донации.	Дотации.	Кредит
741120 Блок дотации на општината по одделни намени	0	0	0	1.888.613	0
	0	0	0	1.888.613	0
И се распоредуваат на следните потпрограми и расходни потставки:					
M1 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ					
401130 Основни плати - други вработени	0	0	0	160.239	0
401310 Надомест за превоз до и од работното место	0	0	0	3.444	0
401320 Надомест за храна	0	0	0	40.337	0
401510 Персонален данок на доход од плата	0	0	0	14.201	0
402110 Основни придонеси за ПИО	0	0	0	83.911	0
402190 Други придонеси за ПИО	0	0	0	-15.486	0
402210 Основни придонеси за здравство	0	0	0	26.624	0
402220 Основен придонес за професионално заболување	0	0	0	1.471	0
402290 Други придонеси за Фондот за здравство	0	0	0	-5.363	0
402310 Основни придонеси до Агенцијата за вработување	0	0	0	4.092	0
403110 Придонес за водоснабдување	0	0	0	530	0
N1 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ					
401130 Основни плати - други вработени	0	0	0	69.334	0
401310 Надомест за превоз до и од работното место	0	0	0	22.960	0
401320 Надомест за храна	0	0	0	-164.166	0
401510 Персонален данок на доход од плата	0	0	0	7.904	0
402110 Основни придонеси за ПИО	0	0	0	-91675	0
402190 Други придонеси за ПИО	0	0	0	129.828	0
402210 Основни придонеси за здравство	0	0	0	10.450	0
402220 Основен придонес за професионално заболување	0	0	0	565	0
402310 Основни придонеси до Агенцијата за вработување	0	0	0	1.900	0
402390 Други придонеси до Агенцијата за вработување	0	0	0	12.800	0
403110 Придонес за водоснабдување	0	0	0	100	0
425760 Превозни услуги во образованието	0	0	0	1.118.117	0
N2 СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ					
401310 Надомест за превоз до и од работно место	0	0	0	3.800	0
401320 Надомест за храна	0	0	0	6.200	0
402110 Основни придонеси за ПИО	0	0	0	28.960	0
402190 Други придонеси за ПИО	0	0	0	-28.960	0
402290 Други придонеси за Фондот за здравство	0	0	0	18.898	0
402310 Основни придонеси до Агенцијата за вработување	0	0	0	-18.898	0
421240 Течни горива	0	0	0	359.220	0
425730 Инструктори на кратки курсеви	0	0	0	87.276	0
	0	0	0	1.888.613	0

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето и станува составен дел од Буџетот на општината за 2007 година, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Трајко Бабунски с.р.

200.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт-измена и дополнување на дел од Детален урбанистички план „Димитар Влахов“ Б8, Б9, Б10, Б11 и Б12- Општина Велес

Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт-измена и дополнување на дел од Детален урбанистички план „Димитар Влахов“ Б8, Б9, Б10, Б11 и Б12 - Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 30.11.2007 година.

Број 0801-5126/2
04.12.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр.51/05), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.11.2007 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на Нацрт-измена и дополнување на дел од Детален урбанистички план „Димитар Влахов“ Б8, Б9, Б10, Б11 и Б12 – Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес ја утврдува Нацрт-измената и дополнувањето на дел од Деталниот урбанистички план „Димитар Влахов“ Б8, Б9, Б10, Б11 и Б12 – Општина Велес.

По утврдувањето на Нацрт-измената и дополнувањето на дел од Деталниот урбанистички план „Димитар Влахов“ Б8, Б9, Б10, Б11 и Б12 – Општина Велес, ќе се спроведе Јавна презентација и Јавна анкета.

Член 2

Јавната презентација и Јавната анкета ќе се спроведат со изложување на планот во просториите на Општината.

Времето на изложување на планот за Јавна анкета и денот на одржување на Јавната презентација, ќе биде објавено со соопштение во јавните и печатени медиуми.

Член 3

По спроведената Јавна презентација и Јавна анкета се изготвува Извештај за прифатените и неприфатените забелешки од страна на Стручна комисија формирана од Градоначалникот.

Извештајот е составен дел на Одлуката за донесување на Предлог-планот.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-5072/3
30.11.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Трајко Бабунски с.р.

201.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за прифаќање на донација

Се објавува Одлуката за прифаќање на донација, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 30.11.2007 година.

Број 0801-5126/3
04.12.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.11.2007 година, донесе

ОДЛУКА
за прифаќање на донација

Член 1

Со оваа Одлука Општина Велес ја прифаќа донацијата на семејството Петрушевски од Франкфурт, Република Германија, која се состои од етно-материјал: носии, предмети за домаќинство, текстил, уметнички слики, скулптури, богат библиотечен фонд и други експонати утврдени по спецификација.

Член 2

Се овластува Градоначалникот на Општина Велес да состави делегација од компетентни и стручни лица која за сметка на Општина Велес ќе го посети „Богумилен хаус“ во Франкфурт каде се изложени предметите што се донираат и ќе го договори времето и начинот на нивното пренесување.

Член 3

Дониранитe предмети Општина Велес ќе ги смести во објекти сопственост на општината, адаптирани и уредени според потребите на изложбените експонати.

Член 4

Општина Велес се обврзува етно-материјалот и уметничката збирка да ги изложи во музеј насловен „Богумилен дом“, а библиотечниот фонд во библиотека насловена „Светокрил Бабунин“, според псевдонимот на донаторот Најдо Петрушевски.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-5072/4
30.11.2007 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

202.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за издавање под закуп на недвижен имот-објект Градски базен

Се објавува Одлуката за издавање под закуп на недвижен имот - објект Градски базен, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 30.11.2007 година.

Број 0801-5126/4
04.12.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15, а во согласност со член 66 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“бр.5/02) и член 45, став1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 30.11.2007 година , донесе

О Д Л У К А
за издавање под закуп на недвижен имот – објект Градски базен

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува начинот и постапката на издавање под закуп на недвижен објект-Градски базен, сопственост на Општина Велес кој се наоѓа на КП 1798 со површина од 6796м2 на ул.„Алексо Демниевски“ и е заведен во ИЛ.бр. 23410 за КО Велес.

Член 2

Издавањето под закуп на објектот утврден во член 1 на оваа Одлука, ќе се врши по пат на јавно наддавање за период од пет години, со почетна цена на наддавањето од 400.000 денари.

Цената која ќе се постигне со јавното наддавање, ќе биде утврдена цена за закуп на објектот за една година.

Утврдената цена ќе се уплати однапред за една година, а за останатиот период начинот на плаќање на закупнината ќе биде регулиран со договорот за закуп.

.

Член 3

Постапката за јавно наддавање и утврдувањето на цената на закупнината ќе ја изврши Комисија од 3 члена, именувана од Градоначалникот на Општина Велес.

Доколку постапката за јавното наддавање со почетната цена во првиот обид е неуспешна, се задолжува Комисијата да ја повтори постапката, согласно законските одредби за водење на постапка со јавно наддавање.

Член 4

Се задолжува Комисијата, по спроведувањето на постапката и изборот на најповолен закупувач да достави извештај до Советот на Општина Велес.

Член 5

Се задолжува Градоначалникот на Општина Велес по извршениот избор да склучи договор за закуп со избраниот закупувач.

Член 6

Со донесувањето на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за давање на времено користење на недвижен имот – објект Градски базен („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.8/07).

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-5072/5
30.11.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Трајко Бабунски с.р.

203.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за издавање под закуп на недвижен имот-објект Спортска сала „Партизан“

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за издавање под закуп на недвижен имот - објект Спортска сала „Партизан“, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 30.11.2007 година.

Број 0801-5126/5
04.12.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 10, а во согласност со член 67 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.11.2007 година, донесе

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Одлуката за издавање под закуп на недвижен имот - објект Спортска сала „Партизан“

Член 1

Во Одлуката за издавање под закуп на недвижен имот - објект Спортска сала „Партизан“ („Службен гласник на Општина Велес“бр. 14/06), се врши измена во членот 3 каде вредноста од „720.000“ се брише и се заменува со „400.000 “.

Член 2

Во член 4 се додава нов став 2 кој гласи: „Доколку постапката за јавното наддавање со почетната цена во првиот обид е неуспешна, се задолжува Комисијата да ја повтори постапката, согласно законските одредби за водење на постапка со јавно наддавање“.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-5072/6
30.11.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

204.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за отуѓување и набавка на патничко моторно возило

Се објавува Одлуката за отуѓување и набавка на патничко моторно возило, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 30.11.2007 година.

Број 0801-5126/6
04.12.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15, а во согласност со член 66 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“бр.5/02) и член 45, став1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 30.11.2007 година , донесе

О Д Л У К А
за отуѓување и набавка на патничко моторно возило

Член 1

Со оваа Одлука се врши отуѓување и набавка на патничко моторно возило кое е во сопственост - основно средство на Општина Велес.

Се врши отуѓување на возило:

-„Citroen“-тип S VJX SAXO 1,5 D, број на шасија VF 751VJXB57757157, број на мотор 10FY8KO938075, година на производство 2002, сила на мотор KW 42, работна зафатнина на мотор во cm3- 1527, маса на празно возило кг-1063, боја на каросерија – бела 01, регистарска ознака VE- 421 BJ.

Член 2

Отуѓувањето на патничкото моторно возило ќе биде извршено во постапка согласно законските прописи за отуѓување.

Член 3

Се врши набавка на патничко моторно возило со работна зафатнина до 1400 см3, моќност KW до 54, моќност KC до 75.

Член 4

Вкупната вредност на набавка на патничко моторно возило утврдено во член 3 на оваа Одлука е во висина до 800.000 денари, планирани во Буџетот на Општина Велес за 2008 година.

Член 5

Набавката на патничкото моторно возило ќе се спроведе согласно законските прописи за набавка.

Член 6

Постапката за отуѓување и набавка на патничкото моторно возило ќе биде спроведена од страна на Комисија формирана од Градоначалникот, која по спроведувањето на постапката ќе достави извештај за извршената работа до Советот на Општина Велес.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-5072/7
30.11.2007 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Трајко Бабунски с.р.

205.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за усвојување на Локален акционен план за лицата со хендикеп на Општина Велес - 2008/2010

Се објавува Одлуката за усвојување на Локален акционен план за лицата со хендикеп на Општина Велес - 2008/2010, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 03.12.2007 година.

Број 0801-5140/1
05.12.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 03.12.2007 година, донесе

ОДЛУКА
за усвојување на Локален акционен план за лицата со хендикеп во Општина Велес 2008-2010

Член 1

Со оваа Одлука се усвојува Локален акционен план за лицата со хендикеп во Општина Велес 2008-2010 година.

Член 2

Локалниот акционен план за лицата со хендикеп во Општина Велес 2008-2010 година претставува стратешки документ за идентификувани потреби, решенија, цели и приоритети кои Општина Велес си ги поставува пред себе со цел да се развива соодветно со вредностите на инклузивното општество, насочен кон унапредување на квалитетот на животот и работењето на лицата со хендикеп.

Член 3

Локалниот акционен план за лицата со хендикеп во Општина Велес 2008-2010 е стратешка рамка која ќе се имплементира преку проекти, планови и програми на општината.

Член 4

Се задолжува Општина Велес при изготвувањето и реализацијата на програмите за активностите на општината во сите области каде има надлежности, да се придржува на приоритетите содржани во овој документ.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701- 5111/1
03.12.2007 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

206.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2007 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2007 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 30.11.2007 година.

Број 0801-5126/8
04.12.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.11.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2007 година

1. Советот на Општина Велес ја усвои Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2007 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-5072/9
30.11.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа(„Сл. весник на РМ“ бр.5/22) и член 45, став1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.11.2007 година ја донесе следната

ПРОГРАМА
за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2007 година

Член 1

Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2007 година(„Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 22/06,15/07 и 16/07) во табеларниот дел „ III ТРАНСФЕР НА СРЕДСТВА “ се вршат следните измени и дополнувања:

-Во позиција под ред. бр. 8 „ Блок дотација – основно образование“ во колоната „Предвидени средства – Министерство за образование и наука“ износот„37.786.961“ се заменува со износот „38.905.078“ во колоната „вкупно“ износот „37.786.961“се заменува со „38.905.078 “ .

- Позиција под ред. бр. 9 „ Блок дотација – средно образование“ во колоната „Предвидени средства – Министерство за образование и наука“ износот „19.850.424“ се заменува со 20.306.920“и во колоната „вкупно“ се износот „19.850.424 “ се заменува со 20.306.920“.

Во позицијата „Вкупно“ глава „ III ТРАНСФЕР НА СРЕДСТВА “ се вршат следните измени: „Предвидени средства – Министерство за образование и наука“ износот „79.088.288 “ се заменува со „80.662.901“, “ и во колоната „Вкупно“ износот „107.641.888 “ се заменува со „109.216.501“.

Во позицијата „СЕ ВКУПНО“ во „„Предвидени средства – Министерство за образование и наука“ “ износот „79.088.288 “ се заменува со „80.662.901 “,а во колоната „Вкупно“ износот „110.841.888 “ се заменува со „112.416.501“.

Член 2

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-5072/9
30.11.2007 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

207.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување на Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита за 2007 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита за 2007 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 30.11.2007 година.

Број 0801-5126/9
04.12.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.11.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита во 2007 година

1. Советот на Општина Велес ја усвои Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита во 2007 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-5072/10
30.11.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02), и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.11.2007 год.,донесе

ПРОГРАМА
за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита во 2007 година

1. Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита („Службен гласник на Општина Велес" бр.22/06 и 1/07), се вршат следните измени во табеларниот преглед:

· Во глава II Трансфер на средства

- Во позиција „ред. бр.3 Блок дотација – Детска градинка" во колона „Предвидени средства од МТСП" износот „7.853.274" се заменува со „8.167.274"и во колона „вкупно"износот „7.853.274" се заменува со „8.167.274".

- во позиција вкупно во колоната Предвидени средства од МТСП" износот „11.493.029", се заменува со „11.807.029" и во колона вкупно износот „22.693.029 " се заменува со „23.007.029".

На крајот на табеларниот преглед, во позицијата „СЕ ВКУПНО" се вршат следните измени: Во колона предвидени средства од Министерството за труд и социјална политика износот „12.543.029 " се заменува со износот „12.857.029", а износот вкупно „24.293.437 " се заменува со „24.607.437".

2. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-5072/10
30.11.2007 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

208.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за избор на командир на Полициска станица од општа надлежност - Велес

Се објавува Решението за избор на командир на Полициска станица од општа надлежност - Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.11.2007 година.

Број 0801-5126/7
04.12.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 12 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 44, став 1 од Статутот на Општина Велес(„Сл.гласник на Општина Велес"бр.12/07),а согласно член 24 од Законот за полиција („Сл.весник на РМ" бр.114/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.11.2007 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за избор на командир на Полициска станица од општа надлежност Велес

1. За командир на Полициска станица од општа надлежност Велес се избира:

- Александар Костов од Велес

2. Командирот на Полициската станица во текот на својата работа, спрема Советот постапува согласно член 25 од Законот за полиција.

3. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Велес".

Број 0701-5072/8
30.11.2007 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

209.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за именување на членови на Комисијата за избор на добитник на Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“

Се објавува Решението за именување на членови на Комисијата за избор на добитник на Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.11`.2007 година.

Број 0801-5126/10
04.12.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 7 од Одлуката за востановување на Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“ („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.3/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 30.11.2007 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување на членови на Комисијата за избор на добитник на Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“

1.За членови на Комисијата за избор на добитник на Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“ се именуваат:

-Тодор Кузманов -театролог,
- Зоран Љутков -актер,
- Александар Георѓиев –актер.

2. Мандатот на членовите на Комисијата трае до доделувањето на наградата.

3. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-5072/11
30.11.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

210.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за утврдување на Нацрт-буџет на Општина Велес за 2008 година

Се објавува Заклучокот за утврдување на Нацрт-буџетот на Општина Велес за 2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.11.2007 година.

Број 0801-5126/11
04.12.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.11.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за утврдување на Нацрт-буџет на Општина Велес за 2008 година

1. Советот на Општина Велес го утврди Нацрт-буџетот на Општина Велес за 2008 година.

2. Сите забелешки кон Нацрт-буџетот кои ќе бидат дадени на јавната расправа, ќе бидат составен дел на нацрт-текстот кој ќе биде изготвен во Предлог-буџет и доставен на Советот на Општина Велес на усвојување на првата наредна седница.

3. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-5072/12
30.11.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

211.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за утврдување на Нацрт-одлука за долгорочно задолжување на Општина Велес

Се објавува Заклучокот за утврдување на Нацрт-одлука за долгорочно задолжување на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.11.2007 година.

Број 0801-5126/12
04.12.2007 година
